# THE ROLE AND KNOWLEDGE OF INVESTMENTS AS A FACTOR FOR THE DEVELOPMENT OF TOURIST BUSINESS

**Jasmina Risteska**
Faculty of tourism and hospitality, Ohrid, N. Macedonia, jasminaristeska@rocketmail.com

**Abstract:** Tourism and hospitality are very important sectors in the country and have huge growth potential. Their development strengthens the economy, strengthens regional growth, reviving natural and cultural heritage, increasing international recognition of countries, attracting foreign investment, strengthens tourism revenues and creates hundreds work places. In this paper, the subject of analysis is the importance and role of investment activity in the tourism and catering sector. Investments in the public and private sectors are vital for the tourism and catering sector, which together with other sectors participate in the creation of general economic growth and development. Despite the fact that the private sector primarily maintains tourism activity, the role of government is crucial in the development of the tourism business. Governments, especially in emerging economies, encourage tourism investment by assuming that they contribute significantly to their economic development, as tourism has higher impacts and multipliers than other sectors of the economy. Numerous factors, such as attractive landscapes and archeological sites, attract people to different destinations and serve as a necessary condition for the development of tourism, for which the investment in the tourism sector is a sufficient condition. Despite the fact that tourism is a sector with significant potential for income generation and employment, and public and private sector investment is necessary to promote and nurture this sector to reap its benefits, this particular topic received less attention in the existing literature. The relationship between sector and economic growth has long been a matter of interest to the research community, and a significant amount of literature can be found in this area, but the literature on investment and tourism growth is sufficient. Various empirical approaches and methodologies used in the literature have so far not given a holistic and final concept. Therefore, this study aims to review the existing literature on public and private investment and tourism. In this paper we will point out the importance of capital investments in tourism and food service companies. In addition, investments are being made in the fixed capital investments of accommodation and food service companies in Macedonia. Finally, the situation and trends of bank loans given to companies for accommodation and food services were analyzed. An attempt is being made to make proposals for improving the conditions for investment and commercial loans in tourism and catering activities. They are a potential opportunity for capital and technological improvement of the business operations of the companies, their growth, development, employment and productivity and indirect GDP growth of the Republic of North Macedonia.
**Keywords:** tourism business, growth, investments

# УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИОТ БИЗНИС

**Јасмина Ристеска**
Факултет за туризам и угостителство, Охрид, С.Македонија, jasminaristeska@rocketmail.com

**Резиме:** Туризмот и угостителството се многу важни сектори во земјата и имаат огромен потенцијал за раст. Нивниот развој ја зајакнува економијата, го поттикнува растот на регионите, го оживува природното и културното наследство, ја зголемува меѓународната препознатливост на земјите, привлекува странски инвестиции, ги зголемува приходите од туризмот како и создавањето на стотици работни места. Во овој труд предмет на анализа е значењето и улогата на инвестиционата активност во туристичко-угостителскиот сектор. Инвестициите од јавниот и приватниот сектор се од витално значење за туристичкиот и угостителски сектор кој заедно со останатите сектори учествуваат во креирањето на генералниот економски раст и развој. И покрај фактот дека приватниот сектор првенствено ја одржува туристичката активност, улогата на владата е клучна во развојот на туристичкиот бизнис. Владите, особено во економиите во развој, ги охрабруваат туристичките инвестиции претпоставувајќи дека значително придонесуваат за нивниот економски развој, бидејќи туризмот има повисоки влијанија и мултипликатори во однос на другите сектори на економијата. Бројни фактори, како што се атрактивни пејзажи и археолошките локалитети ги привлекуваат луѓето кон различни дестинации и служат како неопходен услов за развој на туризмот за што доволен услов е инвестицијата во туристичкиот сектор. И покрај фактот дека туризмот е сектор со значителен потенцијал за создавање приходи и вработување, а инвестициите од јавниот и приватниот сектор се неопходни за унапредување и негување на овој сектор за искористување на неговите придобивки, оваа

конкретна тема доби помалку внимание во постојната литература. Односот на инвестициите со секторскиот и економскиот раст е одамна предмет на интерес кај истражувачката заедница и на оваа област може да се најде значителен обем на литература, сепак, доволна е литературата што се однесува на инвестициите и растот на туризмот. Различни емпириски пристапи и методологии користени во литературата досега не дадоа холистички и конечен концепт. Затоа, оваа студија има за цел да ги разгледа постојните литератури што се однесуваат на јавни и приватни инвестиции и туризам. Во овој труд ќе укажеме на значењето на капиталните инвестиции во туризмот и компаниите за услуги со храна. Покрај тоа, се истражуваат инвестициите во фиксниот капитал на компаниите за сместување и услуги за храна во Македонија. На крај, анализирана е состојбата и трендовите на банкарските заеми дадени на компании за сместување и услуги за храна. Се прави обид да се дадат предлози за подобрување на условите за инвестиции и комерцијални заеми во туризмот и угостителските активности. Тие се потенцијална можност за капитал и технолошко подобрување на деловното работење на компаниите, нивниот раст, развој, вработување и продуктивност и индиректно раст на БДП на Република Северна Македонија.

**Клучни зборови**: туристички бизнис, раст, инвестиции

## 1. ВОВЕД

Со цел да ги разбереме значењето и улогата на туристичиот бизнис во економскиот раст, ќе укажеме на тоа што всушност претставува туризмот. Па така според Светската организација за туризам на Обединетите нации „Туризмот опфаќа активности на лица кои патуваат и престојуваат на места надвор од вообичаеното опкружување не повеќе од една последователна година за одмор, деловни и други цели“[159].

Според Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), сместувачките активности и услугите на храна се тесно поврзани со развојот на туристичкиот бизнис и дава значителен придонес во економскиот раст, вработувањето, демографијата на компаниите и развојот во рурални, периферни или помалку развиени области[160]. Според Потдар М. туризмот е едно од најголемите и динамички развојни полиња на надворешните економски активности. Неговите високи стапки на раст и развој, значителен обем на девизни приливи, развој на инфраструктурата и воведување на ново управување и едукативно искуство влијаат на различни сектори на економијата, кои позитивно придонесуваат за социјалниот и економскиот развој на земјата како целина[161]. Кога го разгледуваме развојот на туризмот и во таа смисла економскиот раст на нашата земја, ситуацијата е многу различна во споредба со западните развиени земји. Ниското ниво на капитална опрема, ниската акумулација и заштедите, како и ниските стапки на раст придонесоа до значително низок раст на туризмот. Активностите за туризам и угостителство се соочуваат со мало учество во креирање на БДП во нашата земја, како резултат на неефикасните модели на трансформација на капиталот, како и неефикасни деловни политики и стратегии на управување со компаниите. Последиците од ова се слабиот пораст на производството, слабата акумулација, слабата кредитна поддршка од финансиските институции и националните и меѓународните фондови, незначителното учество на пазарот на капитал и др. Познато е дека развојот на туризмот бара многу компоненти како квалификуван персонал, финансиски ресурси, вклучување на надлежните органи и сл. Во многу земји во развој, постои голема централизирана контрола. Очигледно е дека постои јаз во спроведувањето на политиките и регулативите, особено во земјите во развој каде има сиромаштија, бирократија и корупција.

## 2. ИНВЕСТИЦИОНАТА ПОЛИТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ БИЗНИС

Развојот на туризмот ја зајакнува економијата, го поттикнува растот на регионите, го оживува природното и културното наследство, ја зголемува меѓународната препознатливост на земјите, привлекува странски инвестиции, ги зголемува приходите од туризмот креира стотици работни места и сл. Туризмот позитивно влијае врз обемот на инвестициите и нивната структура, што подразбира градење на нови сместувачки капацитети, инфраструкура, зголемен транспорт и други активности. Покрај т.н. квантитативно зголемување на туристичките објекти т.е. на обемот на инвестициите треба да се овозможи и квалитативно зголемување односно содржинско збогатување на туристичката понуда. За таа цел е потребно да се менува и структурата на инвестициите за надградба на таквите туристички објекти со таков квалитет и капацитет во туристичките

---

[159] Gogoski R., Naumov K.(2018), *Capital and investments in companies in tourism and hospitality in the Republic of Macedonia,* 3-rd international scientific conference, Vrnjachka banja, Serbia

[160] OECD/Eurostat- Accommodation and food service activities‖, in Eurostat (2014)-OECD *Methodological Guide for Developing Producer Price Indices for Services:* Second Edition, OECD Publishing, Paris.

[161] https://www.researchgate.net/ publication/261879747_ECONOMIC_IMPACT_OF_TOURISM_ON_K
672 OLHAPUR_DISTRICT_OF_MAHARASHTRA_MEENA_B_POTDAR

места како што бараат туристите. Туризмот претставува брзорастечки сектор кој привлекува инвеститори со ветување за таргетирање и доставување на позитивни влијанија од општеството и животната средина на пазарите во развој, додека во исто време генерира профит. Во смисла на туризам, инвестициите обично се фокусираат на микро и мали бизниси и проекти поврзани со инфраструктурата (канализација, здравство, транспорт, електрификација) кои им служат на локалните жители и на посетителите. Програмите за мали грантови исто така придонесуваат за развој на туризмот со чија помош инвеститорите ќе изградат објекти за прием на туристи. Микрофинансирањето е уште еден значаен механизам за финансирање фокусиран на намалување на сиромаштијата и одржлив развој, каде што преку кредитирање на претстојните претприемачи се подобрува и проширува бизнисот. Микро претпријатијата вклучуваат мали продавници за малопродажба, занаетчиско производство, улични продавачи и сл.

### 3. ЈАВНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ТУРИСТИЧКИОТ БИЗНИС

И покрај тоа што приватниот сектор првенствено ја одржува туристичката активност, улогата на владата е клучна во развојот на туристичкиот сектор. Владите, особено во економиите во развој, ги охрабруваат туристичките инвестиции претпоставувајќи дека значително придонесуваат за нивниот економски развој и имаат поголеми влијанија и мултипликаторски ефекти во однос на другите сектори на економијата. И покрај фактот дека туризмот е сектор со значителен потенцијал за генерирање приходи и вработување, инвестициите од јавниот и приватниот сектор се неопходни за негово унапредување и развој. Владите, како и меѓународните агенции за развој, во помалку развиените земји ја сметаат туристичката индустрија како главен извор на вработување и создавање приходи. Како што тврдат Баум и Шивас, целта на владината поддршка на секторот за туризам е да создаде можности за вработување и да придонесе за подобрување на целокупниот социјален и економски развој[162]. Со оглед на тоа дека туризмот е високо фрагментиран сектор кој вклучува многу заинтересирани страни во обезбедување на разни услуги, улогата на владите во олеснување и промовирање на туризмот преку обезбедување поволно социјално-политичко и правно опкружување е од најголема важност. Затоа, во земјите во развој, јавниот сектор треба да учествува активно во развојот на туризмот, не само во воспоставувањето законодавни рамки и политики, туку и во инвестициите и управувањето со туристичкиот сектор. Покрај тоа, рамките на владината политика и планирањето на иницијативите за воспоставување на комуникациска мрежа и обезбедување добра транспортна инфраструктура, промовирање на уметност и занаетчиство и зачувување на наследството и развој на музеите, директно влијаат на развојот на туризмот. Развојот на туризмот во која било област или дестинација е тесно поврзан со достапноста на основната инфраструктура за туризам, како што се транспортната инфраструктура и туристичките атракции, вклучително и беспрекорни плажи, пејзажи и уникатно културно и природно наследство. Овие елементи на туристичката инфраструктура се класифицираат како јавни добра, кои обично не можат да бидат обезбедени и надгледувани од приватниот сектор затоа што приватниот сектор може да го нема потребниот економски и социјален капацитет и поттик за управување и обезбедување на јавни добра на долгорочна одржлива основа. Како резултат на тоа, се бара вклучување на владата за заштита, ефикасно управување и искористување на ресурсите за туризам. Јавниот сектор придонесува во растот на туризмот преку подобрување на развојот на инфраструктурата, поттикнување на приватни инвестиции во изградба на хотели, одржување на стандарди за квалитет и заштита на туристите од секаков вид на несигурност. Јавните инвестиции во туризмот не само што се неопходни и корисни за туристичкиот сектор, исто така, носат плодни економски исходи на национално ниво во форма на подобрена девизна заработка, зголемен национален приход и економски развој, производство, вработеност и подобрување на платниот биланс. Овие мерки вклучуваат финансиски стимулации и соработка со приватни инвеститори за развој на туризмот и угостителските услуги. Поради фактот што туризмот е ризичен економски потфат, повеќето приватни инвеститори можеби нема да бидат подготвени да прават инвестиции во нови туристички дестинации кои се во нивната истражувачка фаза или кои не гарантираат капитални добивки на капитални инвестиции и долгорочна политичка и социо-економска стабилност. Јавните инвестиции придонесуваат за олеснување и стимулрање на приватните инвестиции преку обезбедување инфраструктурна поддршка, притоа зголемувајќи ја продуктивноста на капиталот. Оттука, нивото на инвестиции во јавниот сектор ги подобрува инвестициите во приватниот сектор. Позитивни ефекти ќе има доколку јавниот сектор инвестира во трошоците за зголемени каматни стапки и даноци или ако јавниот сектор директно се натпреварува со приватниот сектор со дополнителни инвестиции. Јавниот сектор помага во создавање поволно социјално-економско и политичко опкружување

[162] Baum, T., & Szivas, E. (2008), *HRD in tourism: A role for government?* Tourism Management, 29(4), 783-794.

за приватните инвестиции со цел да се постигне одржлив развој во туристичкиот бизнис. Одржливиот развој на туризмот може да се планира и да се заснова само на континуираната соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор.

## 4. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР

Факторите за производство се неопходни во функционирањето на целокупната економија, па оттука овие фактори им се потребни на туристичките фирми за производство на услуги во туристичкиот бизнис. Побарувачката на туристите за специфични услуги и производи го стимулира претприемништвото и обезбедува дополнително локално вработување и приход. Неокласичниот модел објаснува дека капиталот сам по себе е многу важен, особено кога е заедно со техничко- технолошкиот напредок. Во потесна смисла, капиталот на компанијата може да се појави во две форми, пари и реален капитал. Реалниот капитал се состои од материјални, видливи капитални добра, од нивните физички форми - згради, опрема итн. Економската теорија и практика покажуваат дека интензивното вложување во физички капитал е основен предуслов за економски раст. Колку е повисоко нивото на капитал, толку поголемо ќе биде нивото на производство (реален БДП). Капиталот претставува состојба на количините на згради, опрема и материјали во одреден момент, додека инвестициите на туристичките и угостителските претпријатија се процес на додавање нови елементи на капиталниот фонд, во случај на позитивни нето-инвестиции, или одземање на негативни нето-инвестиции (дезинвестиција). Ова укажува на потребата од постојано инвестирање на компаниите. Изворот на инвестицијата е во стапките на штедење, кои го зголемуваат нивото на инвестиции и нивото на капиталните добра. Инвестициите, по дефиниција, прават и квалитативни промени, во смисла што доведуваат до технички и технолошки промени и не само квантитативно зголемување на капиталната опрема. Што се однесува за нашата земја, според податоците на НБРСМ покажуваат дека уделот на активности за сместување и услуги за храна има релативно мал удел во вкупните инвестиции и вкупната инвестиција за секторот услуги. Услужните активности имаат поголемо учество во инвестиции од производниот сектор, но трендот на движење е во согласност со движењето за целиот сектор на услуги[163].

## 5. КРЕДИТНАТА ИЗЛОЖЕНОСТ НА БАНКИТЕ КОН ТУРИСТИЧКИТЕ КОМПАНИИ

Во овој дел ќе ја согледаме кредитната изложеност на банките кон компаниите за туризам и услуги каде што ни се прикажани тековите на плаќања на основни средства од областа на сместувачките активности и услугите во Македонија. Ова може да се разбере како позитивен тренд, затоа што овие компании се обидуваат да го покријат својот релативно мал удел во финансирањето на плаќањата за основни средства на ниво на економија на Македонија, најмногу со средства добиени од нивното работење. Причината за ова е нискиот интерес на банките во нашата земја за кредитирање на активностите на сместување и активности на услуги за храна. Дополнителен проблем за набљудување на фактите е што официјалната статистика во Македонија немаобјавено структурни податоци по 2012 година. Останува задача за идните истражувања во оваа област да ги пресметаат овие податоци од системот на национални сметки. Кредитната изложеност на фирмите за туризам и угостителство е незначителна и не надминува 1% од вкупната изложеност на банките. Обемот на кредитирање на дејноста на сместувачките активности и на услугите е во апсолутен пораст, но динамиката на порастот на заемите од други услужни активности е поизразена. Оваа маргинална вредност на заемите одобрена во активностите на туризмот и угостителството, придонесе НБРСМ да се откаже од посебниот мониторинг на средствата на банките што се однесуваат на оваа активност, со други зборови, тој е целосно изоставен од официјалниот статистика. Така, најновите официјални податоци за секторската структура за компаниите од оваа област се за 2014 година. Може да се забележи дека очекувањата за започнување на интензивен инвестициски циклус не се остварија по 2007 година. Тие беа засновани на влегувањето на познати странски брендови како во банкарството, така и во туризмот и угостителската индустрија во Македонија[164]. Од гледна точка на банките, податоците покажуваат дека кредитниот ризик од дејноста е голем за активности за сместување и услуги за храна, но ризикот е релативизиран со малиот удел на средствата за кредитирање на банките. Од друга страна, од гледна точка на компаниите за туризам и угостителство, може да се идентификува дека лошата финансиска позиција на овие компании, нивната ниска профитабилност, слабите парични текови и неликвидноста ги прават незаинтересирани за банките во однос на работењето.

[163] http://www.nbrm.mk/izvieshtai_za_bankarskiot_sistiem_na_riepublika_makiedonija7b8cb632.nspx
[164] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.14.03.pdf

### 6. ЗАКЛУЧОК

Предностите на туризмот и угостителството се однесуваат на можностите за вработување, заработка, можност за рекреација, економски раст, културна размена, подобри меѓународни односи и сл. Сектотрот на услуги во развиените дестинации во областа на туризмот и угостителството имаат најголем удел во туристичкиот сектор, како што се авиокомпаниите, сместувачките капацитети, атракциите и сл. Што се однесува до нашата земја, растот на туризмот и угостителството не се во чекор со растот на туризмот во споредба со развиените дестинации и една од причините е недостигот на инвестиции и нискиот интерес на банките за издавање заеми на компании од областа на сместување и активности за услуга на храна. Друга причина претставува ниското ниво на политичка стабилност што негативно влијае на пристигнувањето на посетителите во Македонија. Компаниите од областа на туризмот и угостителството не се предмет на посебен интерес на банките кај нас. Ова доведува до состојба на меѓусебна рамнодушност од двете страни во процесот на финансиско посредување во обезбедувањето ресурси за капитални инвестиции. Ниту компаниите за туризам и угостителството го имаат она што е потребно да им го понудат на банките во однос на работењето, ниту пак банките се заинтересирани да ризикуваат да инвестираат во нив. Конечниот резултат е забавување на стапката на раст во туристичкиот бизнис во рамките на македонската национална економија. Приватните и институционалните инвеститори ги отстрануваат активностите во туризмот и угостителството од нивниот фокус заради лошите перформанси. Инвестициите во активности за сместување и услуги за храна во Македонија се доминантни во материјалните основни средства и во тие рамки се во форма на згради и други градби, што е во согласност со услужниот карактер на дејноста. Од претходно кажаното може да се заклучи дека компаниите за туризам и угостителство не го признаа пазарот на капитал како извор за финансирање на нивните капитални инвестиции и во овој момент тие се слични на компаниите од другите индустрии. Заклучокот е дека ориентацијата кон сопствената мала акумулација го забавува развојот на овие активности. Овој труд ни покажа дека претпријатијата во индустријата за сместување и угостителски услуги не се компании од деловен интерес за банките во нашата земја. Се поставува прашањето дали може ситуацијата да се подобри во иднина? Може, но за ова, треба да се исполнат некои предуслови: Компаниите од туристичко- угостителскиот сектор треба да добијат институционална поддршка од државата. Владата на Македонија во пракса може да ја потврди стратегијата за развој на туризмот преку финансиска поддршка. На пример, за почеток, добро е за претпријатијата од овој сектор да добијат посебен третман во Македонската банка за поддршка и развој;

Учество во гаранции и кофинансирање при повлекување средства од странски кредитни линии или фондови;

Даночни олеснувања, професионална помош, финансиска и деловна обука, кои треба да имаат за цел квалитативно подобрување на управувањето со компаниите и нивно поагресивно работење со влијание на зголемување на конкурентноста на пазарот.

Ова може да биде многу корисно за обуки и подобрувања понудени од низа странски програми и проекти финансирани од други земји. Иако македонската економија веќе ја достигна својата зрелост нашата земја како независна земја, ако го смета туризмот како сектор на значителен раст и развој, тој мора да продолжи да се третира како конкурентно заштитена активност, борејќи се да го надмине примарните проблеми, особено во делот на финансиите.

### ЛИТЕРАТУРА

Котески Ц., Јаковлев З. (2014) *Маркетинг во туризмот и угостителството,* 2-ри Август Штип

Филдишевска Е., (2016) *Методологија за утврдување на туристички производ-* Документ во рамки на проектот ''Одржливост на граѓански здруженија преку вмрежување за социјално претприемништво'', Скопје

Петревска Б. (2014) *Детерминанти на придонесот на туризмот во економскиот развој на Македонија,*

Akama, J. S. (2002), *The role of government in the development of tourism in Kenya.* International Journal of Tourism Research, 4(1), 1-14.

Baum, T., & Szivas, E. (2008), *HRD in tourism: A role for government?* Tourism Management, 29(4), 783-794.

Gogoski R. (2007), *Kapitalot i investiciite vo turizmot na R Makedonija,* 9ta megjunarodna konferencija – strateski razvoj na turizmot vo 21-vi vek, FTU, Ohrid

Gogoski R.( 2012), *Ekonomija,* Fakultet za turizam i ugostitelstvo Ohrid, 229-232.

Gogoski R., Naumov K.(2018) *Capital and investments in companies in tourism and hospitality in the Republic of Macedonia,* 3-rd international scientific conference, Vrnjachka banja

Nawaz A. M., Hassan S.,(2016) *Investment and Tourism: Insights from the Literature,* International Journal of Economic Perspectives, Volume 10, Issue 4, 581-590.

OECD/Eurostat- Accommodation and food service activities‖, in Eurostat (2014)-OECD *Methodological Guide for Developing Producer Price Indices for Services:* Second Edition, OECD Publishing, Paris.

First International scientific conference- Општествените промени во глобалниот свет, Факултет за туризам и бизнис логистика, УГД, Штип

Petrescu, R. M. (2011), *The involvement of the public and private sector – Elements with influence on travel & tourism demand during the crisis period.* Tourism and Hospitality Management, 17(2), 217- 230.

Phetsavong, K., & Ichihashi, M. (2012). *The impact of public and private investment on economic growth: Evidence from developing Asian countries*: IDEC Discussion Paper, Hiroshima University.

Philips J. Faulkner J. International S. (2009)., *Tourism investment and finance accessing sustainable funding and social impact capita,* Contributors Hilbruner R., USAID Hawkins E.D., George Washington University (https://www.usaid.gov/sites/default/files/documents/2151/InvestmentWorkbook_4%5B2%5D.pdf

https://www.biznisvesti.mk/tsarovska-preku-praktichna-rabota-sozdavame-vistinski-kvaliteten-kadar/

https://www.researchgate.net/publication/261879747_ECONOMIC_IMPACT_OF_TOURISM_ON_KOLHAPUR_DISTRICT_OF_MAHARASHTRA_MEENA_B_POTDAR

https://lrcp.mk/lrcp-uploads/2019/04/Destination-1-Ohrid-Struga-Prespa-and-their-surroundings_MK.pdf

http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.14.03.pdf